







# Hommage

Пандилов Аврамовски
Мартиноски
Тодоровски
Коцо
Лазески
Аврамова
Кондовски
Мазев



Избор од колекцијата на МСУ

Презентацијата на осумината сликари и скулптори, којашто Музејот ја осмисли, е поттикната од чувството на почит кон овие уметници и нивните творештва кои се вградени во македонската современа ликовна уметност, а не само тоа - овие творештва го градат и нејзиното вредносно ткиво. По некоја чудна игра на бројки оваа 2003. за секој од нив претставува одредена декада, некое нивно бројчано заокружување во односот кон нас, и се разбира и во нашиот однос кон нив. Во оваа констелација, кога во идната година Музејот на современата уметност ја прославува четириесетгодишнината од основањето, вредно е да се спомене дека нивните дела во значајна мера ја збогатија неговата збирка, за што се надеваме дека ќе најдете потврда веќе на оваа изложба. Но, и она што за нашата институција има особена важност: во нивната релација со неа во текот на организирањето на нивните ретроспективи (барем на повеќето од нив) се манифестираше реалната структура на работната конструкција на Музејот и нејзиниот однос кон комплексниот културен габарит на системот на уметностите.
И покрај ова одбележување ние, пред сé, и во овој миг ја чувствуваме моќта на нивните релевантни уметнички искази, значајни за културата во Македонија, искази со кои комуницираме на исто ниво – сé уште актуелни и постојано возбудливи. Тоа се дела кои постојано, во нивната уметничка димензија, наоѓаат пат да комуницираат со новите мигови на времето. Во ваков случај физичката отсутност на авторите е надмината.



*

Сите нив ги прикажуваме со цел да потсетиме дека:

Димитар Аврамовски Пандилов и Никола Мартиноски се основоположници на современото сликарство кај нас. Обајцата се дооформуваат во париската средина во дваесеттите години. Пандилов се определува да ги спои импресинистичко-интимистичките доживувања на пејзажот и атмосферата на животот во нашата рурална средина со екпресионистичкиот потег. Мартиноски темелно ќе ги

проучи и воведе варијантите на експресионизмот (особено на оној на Модилјани) и тематски ќе ги адаптира на ова поднебје.
Димо Тодоровски и Борка Аврамова ја промовираа современата скулпторска мисла. Почетоците се заслуга на Тодоровски, којшто воглавно го практикуваше академскиот традиционален приод во атропоморфното обликување, со блага експресија. Аврамова е онаа којашто ги отвори вратите кон модернизмот во пластичните фигуративни и апстрактни размислувања, потпирајќи се на бурделовската скулптура, но и на придобивките на англиската и на хрватска скулпторска школа.
Димче Коцо е првиот модерен таписерист, истовремено е битен и како скулптор и извонреден цртач. Линијата е најбитниот елемент во создавањето на возбудливите деформирања на фигурите кои се ставени во контекст на религиозни сцени или сцени од секојдневието.
И Борко Лазески престојува во Париз (по војната) од каде што донесе дела во кои доминира импресионистичкиот манир. Набргу ги забележуваме и посткубистичките елементи, кои ќе бидат пресудни во навестувањето на апстрактните тендеции, кои кај нас ќе се појават после десеттина години.
Димитар Кондовски е токму еден од низата апстрактни сликари, којшто претходно не го одбегна фугуративниот пристап. Иконографија што тој ја користи рефлектира византиски мотиви, сепак внимателното читање ја разоткрива апстрактната лексика, која во една ваква констелација дава автентичен призвук на структуралните решенија на неговите слики-објекти.
Сликарски опус на Петар Мазев мошне впечатливо и дискретно одразува дел од искуствата на овие претходници. Тој на своевиден начин влегува во димензијата на нивното сублимирање во портретите, во сликите со метафизички конотации, во фазата на енформелот, на крајот во фигуративните композиции каде што на сопствениот темперамент му овозможува доволно простор во кој во взаемна спрега се активираат експресивниот гест и агресивниот колорит.

# Димитар Аврамовски Пандилов

Роден во с.Тресонче 1889. Академско образование 1924 на Художествената академија во Софија. Самостојни изложби: Ќуприја, 1926; Скопје, 1927, 1984; Монпелие,1928; Софија, 1930, 1934, 1937; Учествувал на многурбројни изложби во земјата и во странство. Почина во Скопје 1963.

**Димитар Аврамовски Пандилов / Dimitar Avramovski Pandilov**
*Покрај вода / By the Water*, 1925
масло на платно, 25x32,5
***Жетварки / Women Reapers*, 1935**
масло на платно, 35x24
*Вршидба покрај Охридското езеро / Treshing by the Lake Ohrid*, 1951
масло на платно, 60x78
*Амали / Porter*, 1952
цртеж, 24,5x30,8
*Цртеж / Drawing*, 1952
цртеж, 22,2x 29,5



# Никола Мартиноски

Роден во Крушево 1903. Дипломирал 1927 на Школата за убави уметности во Букурешт. Самостојни изложби: Скопје, 1929, 1930,1935, 1936, 1938, 1939.1942, 1955, 1958,1961, 1962, 1965, 1969,1 970, 1974, 1975/76, 1976,1981, 1983, 1987, 1993, 2003; Белград,1931,1932 (со З.Петровиќ), 1953, 1966, 1973; Загреб, 1936 И 1937 (со Т.Кризман), 1954; Љубљана, 1953; Париз,1954; Дижон, Нови Сад, 1959; Куманово, 1969 (со П.Х.Бошков); Крушево, 1993; Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство. Почина во Скопје 1973.



**Никола Мартиноски / Nikola Martinoski**
*Портрет на Олга / Portrait of Olga*, 1930
масло на картон, 51x47
***Во кафеана 2 / In the Pub 2*, 1932**
масло на платно, 89x67
*Раско Пуриќ / Rasko Puric, 1934*
*масло на платно, 49,5x39,5*
*Крушевска свадба / Kruševo Wedding*, 1957
масло на платно, 82x68



# Димо Тодоровски

Роден во Солун 1910. Завршил 1935 Уметничко училиште со академски курс во Белград. Самостојни изложби: Скопје-1970; 1980; 1983. Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство.Почина во Скопје 1983.

**Димо Тодоровски / Dimo Todorovski**
***Кеменеџија / Fiddler*, 1942/43**
патиниран гипс, 34x12x15
*Девојка-акт / Girl-Nude*, 1960
бронза, 35x17x22
Св. Климент Охридски / St. Kliment Ohridski, 1967
бронза, 71x50x22



# Димче Коцо

Роден во Охрид 1910. Дипломирал 1973 на Филозофскиот факултет во Белград. Самостојни изложби: Скопје-1938, 1957, 1959, 1968/69, 1972/73, 1975, 1979, 1982, 1986, 1998; Белград-1973; Охрид-1976; Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство. Почина во Скопје 1993.



**Димче Коцо / Dimče Koco**
*Борба на птици / Birds Fight*, 1963
таписерија,161x193
***Пријатно расположение 1 / Pleasant Mood 1*, 1967**
цртеж, 29,5x21
*Пазарџија / Market Man*, 1968
цртеж, 29,5x21
*Средновековен дотоинственик 1 / Medieval Dignitary 1*, 1970
таписерија, 164x100

# Борко Лазески

Роден во Прилеп 1917. Дипломирал 1943 на Државната ликовна академија во Софија. Самостојни изложби: Багдад, Ирак,1962,1966,1967; Охрид,1969; Скопје.1979/1980; Прилеп,1981; Кавадарци,1982; Мексико Сити, 1983; Хавана,1984. Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство. Почина во Скопје 1993.



**Борко Лазески / Borko Lazeski**
***Bon Marché,* 1946**
темпера на хартија, 40x32
*Студија 73 / Study 73*, 1948
темпера на хартија, 65x48
*Диптих / Diptych*, 1970
масло на платно, 140x140



# Борка Аврамова

Родена 1924 во Тетово. Дипломирала 1953 на Академијата за ликовни уметности во Загреб. Самостојни изложби: Скопје 1954, 1970; Загреб - 1962, 1964, 1972, 1978, 1980, 1981, 1983, 1991; Вуковар, Сплит - 1962, 1966,1978; Милано - 1965; Белград - 1965; Задар -1966; Риека - 1967; Винковци -1979; Учествувала на многубројни изложби во земјата и во странство. Почина во Загреб 1993.

**Борка Аврамова / Borka Avramova**
*Човек од планината / Man from the Mauntain*, 1962
теракота, 35x22x28



# Димитар Кондовски

Роден во Прилеп 1927. Дипломирал 1952 на Академијата за ликовни уметности во Белград.. Самостојни изложби: Скопје,1957,1963, (со П.Х.Бошков),1977,1992; Загреб:1957 (со С.Куновски); Зрењанин,1963 (со Б.Ивковиќ); Нови Сад,1970; Тетово, Белград, Њујорк, Прибој,1978; Сиетл, Торонто,1979. Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство. Почина во Скопје 1993.



**Димитар Кондовски / Dimitar Kondovski**
*Мала слика / Small Painting*, 1963
комбинирана техника на даска, 38,5x31
***Заборавен свет / Forgotten World, 1965*, 1965**
комбинирана техника на даска, 80x51
*Двери 1 / Gate 1*, 1975
масло на платно, 198x138

# Петар Мазев

Роден во Кавадарци 1927. Дипломирал 1953 на Академијата за ликовни уметности во Белград. Самостојни изложби: Скопје, 1958 (со Д.Аврамовски-Гуте), 1959 (со И.Велков и С.Куновски), 1960 (со С.Куновски), 1966, 1970, 1976,1982,1983, 1985, 1987,1988; Кавадарци, Сараево,1983; Охрид, 1984; Врњачка бања, Белград, Струга,1987; Љубљана, 1989; Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство. Почина во Скопје 1993.



**Петар Мазев / Petar Mazev**
*Манастирски пејзаж / Monastery Landscape*, 1965
комбинирана техника на даска, 105x121
*Жена / Woman*, 1972
масло, акрилик на платно, 157x85
***Курбан / Sacrifice*, 1978**
масло на платно, 130x226











Издавач:
Музеј на современата уметност, Скопје
Одговорен уредник: Емил Алексиев
Организација на изложбата и текст:
Марика Бочварова Плавевска
Биографии: Марина Лешкова
Фотографии: Марин Димески
Графичко обликување: Стефан Георгиевски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500
Музеј на современата уметност, Скопје, декември 2003

Museum of Contemporary Art, Skopje, December

Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.036(497.7) (083.824)
75.036(497.7) (083.824)

ISBN 9989-703-59-0